Врз основа на член 49 став 2, член 55 став 2 и член 56 став 3 од Законот за организација и работа на органите на државната управа („Службен весник на Република Македонија“ број 58/00, 44/02, 82/08, 167/10 и 51/11), а во врска со член 14 став 1 алинеи 6, 7, 8, 9 и 19 од Законот за јавните набавки („Службен весник на Република Македонија“ број 136/07, 130/08, 53/11 и 185/11), директорот на Бирото за јавни набавки при Министерството за финансии донесе

# У П А Т С Т В О

## за постапување на администраторот на Електронскиот систем за јавни набавки во случај на техничка грешка или пад, односно недостапност на системот

### Член 1

Со ова упатство се пропишува постапувањето на администраторот на Електронскиот систем за јавни набавки (во натамошниот текст: ЕСЈН) во случај на техничка грешка или пад, односно недостапност на ЕСЈН.

### Член 2

Договорен орган или економски оператор (во натамошниот текст: корисник на ЕСЈН) кој се соочува со техничка грешка или пад, односно недостапност на ЕСЈН (во натамошниот текст: технички проблем) го пријавува истото во писмена форма или од службена електронска пошта до Бирото за јавни набавки во најкус можен рок, но не подоцна од три дена од денот на настанување на техничкиот проблем.

Доколку природата на техничкиот проблем е таква што бара од администраторот на ЕСЈН итна интервенција или пак истиот може да се отстрани навремено за да не се попречи користењето на ЕСЈН, корисникот може да го пријави техничкиот проблем и со користење на други средства (приватна електронска пошта, телефон и слично), при што администраторот на ЕСЈН ќе побара од корисникот да го потврди пријавениот технички проблем во писмена форма или од службена електронска пошта во рокот од став 1 на овој член.

Доколку корисникот на ЕСЈН не го пријави техничкиот проблем на администраторот на ЕСЈН во рокот од ставот 1 на овој член, а договорниот орган веќе донел формална одлука за избор или за поништување на постапката, администраторот на ЕСЈН не презема натамошни дејствија.

### Член 3

По добивањето на пријава за технички проблем, администраторот врши првична проверка на наводите на корисникот на ЕСЈН за да утврди дали проблемот е настанат поради грешка кај корисникот или поради техничка грешка на ЕСЈН.

Доколку се утврди дека проблемот е настанат поради грешка кај корисникот, администраторот на ЕСЈН го известува за тоа корисникот на ЕСЈН, со што се смета дека пријавениот проблем е надминат.

Доколку се утврди дека станува збор за потенцијален технички проблем со ЕСЈН или воопшто не може да се утврди причината за пријавениот проблем, администраторот на ЕСЈН врши детална анализа согласно со ова упатство.

При вршење на првичната проверка на наводите и понатаму при деталната анализа, администраторот на ЕСЈН може од корисникот да го побара неговото корисничко име и лозинка.

**Член 4**

По првичната проверка на наводите, администраторот на ЕСЈН во најкус можен рок го контактира договорниот орган кој ја спроведува постапката и го известува да не презема натамошни дејствија.

При деталната анализа на пријавениот технички проблем, најпрво се проверува каква била достапноста на апликацијата, односно интернет врската до и од серверите на кои е поставена апликацијата на ЕСЈН.

Доколку анализата на достапноста на апликацијата покаже дека немало технички проблем со интернет врската до и од серверите на кои е поставена апликацијата на ЕСЈН, техничкиот проблем се пријавува кај софтверската компанија која го одржува ЕСЈН на начин кој е договорен со истата.

Софтверската компанија која го одржува ЕСЈН ги проверува записите во базата на податоци на ЕСЈН во смисла на:

- потенцијален технички проблем за конкретната пријава,
- функционирање на целокупната апликација во даден временски период
- достапноста/функционирањето на базата на податоци на апликацијата
- достапноста/функционирањето на сервисите кои ги овозможуваат трансакциите помеѓу корисниците и апликацијата

Софтверската компанија која го одржува ЕСЈН доставува известување до администраторот на ЕСЈН за наодите од извршените проверки.

**Член 5**

Доколку при деталната анализа се утврди дека имало технички проблем со ЕСЈН, администраторот на ЕСЈН, во зависност од природата на техничкиот проблем:

- овозможува презакажување на аукцијата,
- овозможува продолжување на аукцијата,
- овозможува продолжување на рокот за поднесување на понудите или пријавите за учество,
- овозможува надминување на техничкиот проблем при користење на ЕСЈН во сите случаи каде тоа е можно.

Во случаите од ставот 1 на овој член, администраторот на ЕСЈН ги известува корисникот и договорниот орган за природата на техничкиот проблем и за преземените дејствија за надминување на истиот.

Доколку при деталната анализа се утврди дека немало технички проблем со ЕСЈН, администраторот на ЕСЈН ги известува корисникот и договорниот орган за истото и дека треба да се продолжи со постапката.

**Член 6**

Ова упатство влегува во сила со денот на неговото донесување и објавување на огласната табла на Бирото.

Број 11-1699/1

Скопје, 19.10.2012 година

**ДИРЕКТОР**

**д-р Маре Богева Мицовска**